Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016
2017
2018
2019
2020

# Извадок на дел од дневни настани 19.04.2020

На 18.04.2020 околу 19.00 часот во Секторот за внатрешни работи во Куманово, од страна на доктор од Јавната здавствена установа Куманово, било пријавено дека кај нив од страна на Итна медицинска помош било донесено починато машко лице со убод од нож. По пријавувањето на настанот, увид на лице место извршил Јавен обвинител и увидна екипа на СВР Куманово и констатирано е дека околу 18,00 часот во с. Липково Б.С (43) од с.Липково, по претходна вербална расправија ,физички се пресметал и со нож во пределот на градите неколку пати го прободел Ј.С(43) од с.Липково, по што Ј.С починал. По Наредба на Јавен обвинител телото на починатиот е предадено за обдукција. Б.С. е приведен и се работи на целосно расчистување и документирање на случајот, по што ќе следи соодветен поднесок.

На 18.04.2020 во 05,45 часот во СВР Битола, било пријавено дека во Прилеп во близина на месноста викана „Шарена чешма" на улица било забележано паднато машко лице. Од страна на полициски службеници излезено е на лице место и на ул.„Браќа Ламески"-Прилеп, пронајдено било безживотно машко тело, со видлива повреда на главата, за кое е утврдено дека е Р.Р(73) од Прилеп .Од доктор од Итна медицинска помош констатирана била смрт. Увид извршиле Јавен обвинител и увидна екипа од ОВР Прилеп. По наредба на Јавен обвинител телото е дадено на обдукција.

На 18.04.2020 во 15,05 часот на магистрален пат Охрид-Ресен, во близина на месноста викана „Прентов мост" се случила сообраќајна незгода во која Р.Н(73) од Охрид, , управувајќи товарно моторно возило „фиат скудо" со охридски регистарски ознаки изгубил контрола над возилото и излетал од коловозот. Во незгодата Р.Н се здобил со тешки телесни повреди и бил пренесен во болницата „Свети Еразмо".Увид на лице место извршила увидна екипа на СВР-Охрид.

На 19.04.2020 година околу 01,00 часот во с.Долно Соње, скопско, во куќа на ул.12. сопственост на П.К. (56) од Скопје, каде што претходно имало семејна веселба, дошле лицата М.М. (27) и С. Т (24), кои од страна на сопственикот биле поканети и по кусо време заминале. Но набргу пак се вратиле при што С.Т. со себе носел ловечка пушка, а пак М.М. носел боксирач. Влегле во дворот на куќата при што М.М. го нападнал Б.К. (27) инаку син на сопственикот на куќата, а пак С.Т. испукал еден проектил во правец на неколку лица. Во тој момент лицето Н.К. ја фатил пушката што била во рацете на С.Т. по што вториот проектил бил испукан во воздух. По ова М.М. и С.Т. го напуштиле местото на настанот. Веднаш по известувањето на полицијата на местото на настанот се упатиле припадници на ЕБР и полициски службеници од полициската станица Кисела Вода, а лицата М.М. и С.Т. се пронајдени и приведени во станица за понатамошна постапка .Се работи на целосно расчистување на случајот.

На 18.04.2020 година во 21,00 часот во СВР-Битола, З.И. (39) од Прилеп, пријавил дека истиот ден додека заедно со неговиот татко В.И. (66) од Прилеп, се движеле со возило од село Тројкрсти кон Прилеп, на патот наишле на паркирано патничко моторно возило "фолксваген голф" при што на самиот пат имало поставено маса на која што седеле две лица кои конзумирале алкохол. Притоа З.И. ги замолил да го тргнат возилото со цел да можат да поминат, но истите одбиле да го тргнат возилото . Тогаш В.И му рекол на својот син да повика полиција, но во тој момент лицата физички ги нападнале при што на В.И му нанале видливи повреди во пределот на главата.Едното лице му го зел телефонот на З.И. а другото лице зело од масата нож и почнало да трча кон него, по што тој почнал да бега. Двете лица повторно го нападнале В.И. удирајќи го насекаде и цело време замавнувале со ножот со цел да го повредат. По кратко време З.И. и В.И. успеале да побегнат кон селото Тројкрсти и настанот го пријавиле во полиција. Се преземаат мерки за пронаоѓање на лицата и целосно расчистување на случајот.

На 18.04.2020 година околу 11,45 часот во Скопје на ул. "Блаже Биринчето", при преземање на службени дејствија полициски службеник од ПС Карпош бил нападнат од лицето М.С. штитеник во домот „25-ти Мај", која со удар со рака го удрила во пределот на главата. Лицето е приведено во ПС Карпош, известен инспектор ОКД. Се работи на целосно расчистување на случајот

На 18.04.2020 година околу 10,30 часот во Кочани на ул. "Митко Беќарски" избувнал пожар во куќа сопственост на М.М. (59). Од страна на екипа на ТППЕ-Кочани пожарот е изгаснат. Увид на лице место извршила екипа од ПС-Кочани, при што е утврдено дека најверојатно причина за настанување на пожарот е палење на оџакот од страна на сопственикот.

На 19.04.2020 година околу 00,50 часот добиена е пријава дека на стариот пат од Петровец кон Катланово од страна на засега непознат сторител на двете коловозни ленти имало оставено повеќе бали сено и истите биле запалени.Од страна на БППЗ пожарот е локализиран.

На 19.04.2020 година околу 04,30 часот добиена е дојава за опожарено патничко мотороно возило на ул. "Алпи". По излегување на лице место од страна на полициски службеници од ПС Чаир констатирано е дека се работи за возило марка "мерцедес Е430" со скопски регистарски таблички, сопственост на А.Ф.(25) од Скопје, кое што околу 03,00 часот било паркирано таму од страна на лицетоА.Б. (27). Тој навел дека околу 04,20 часот забележал две лица на мотоцикл како фрлаат молотов коктел кон возилото, при што тоа било опожарено во предниот дел кај моторот и инсталацијата. Се работи на целосно расчистување на случајот.



Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет